УДК 811.18'36(075.8)(049.3)

**Симон Саздов**

# *ГРАМАТИКА НА АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК* ОД ИСМЕТ ОСМАНИ

Кон крајот на 2019 година македонската учебничка ризница беше збогатена со уште едно дело – *Граматика на албанскиот јазик* од колегата универзитетски професор, д-р Исмет Османи. Станува збор за универзитетски учебник наменет, пред сѐ, за студентите по албански јазик на Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на кои албанскиот јазик не им е мајчин јазик, но и за студентите од другите катедри што албанскиот јазик го изучуваат како изборен предмет. Секако, тој може да биде интересен и корисен за секој љубопитник. Учебникот претставува авторско издание со обем од 229 страници со формат А5, финансиски потпомогнато од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Уредник на изданието е проф. д-р Аслан Хамити, а рецензенти се проф. д-р Рами Мемушај и проф. д-р Станислава Сташа Тофоска. Лектурата и коректурата е на д-р Бојан Петревски, за техничкото уредување се погрижил Бесник Ибрахими, а корицата на учебникот ја дизајнирал Виган Демири.

Учебникот започнува со краток предговор на авторот, по кој следува вовед чијшто автор е еден од рецензентите, проф. д-р Рами Мемушај, а е насловен *Албанскиот јазик во текот на историјата*. Воведот во најголем дел ѝ е посветен на историјата на албанскиот јазик од дамнешни времиња до денес, но содржи и посебен осврт на местото на албанскиот јазик во т.н. Балкански јазичен сојуз, како и дел за врските помеѓу албанскиот и македонскиот јазик, нивните сличности и заеднички особености.

Во делот *Фонетика и фонологија* најнапред многу прегледно се претставува албанската азбука, потоа гласовниот систем на албанскиот стандарден јазик, гласовните промени, како и акцентот во албанскиот јазик.

Најопширен дел на учебникот претставува поглавјето *Морфологија*, во кое над 170 страници им се посветени на именките, придавките, членот, броевите, заменките, глаголите, прилозите, предлозите, сврзниците, честичките и извиците во албанскиот јазик.

Очекувано, најголемо внимание им е посветено на менливите зборовни групи преку детално и многу прегледно претставување на граматичките категории што ги карактеризираат, како и начинот на нивното разликување – селективен или парадигматски.

Заслужува да се истакне умешноста на авторот при претставување на материјалот. Имено, имајќи добар увид во македонските граматички учебници, Османи во својата Граматика не ги повторува податоците коишто на македонските студенти им се добро познати. За сметка на тоа, учебникот изобилува со примери од албанскиот јазик, на тој начин доближувајќи им го на студентите на коишто тој не им е мајчин и коишто ќе го користат овој прирачник за да го научат албанскиот јазик.

Во ова учебно помагало се провлекол еден технички пропуст, кој може да ги збуни читателите кои се свикнати да го користат краткото претставување на содржината на книгата. Имено, во прегледот на содржината воопшто не се застапени категориите определеност и падеж кај именките, кои, секако, се присутни во учебникот.

Најзабележителната разлика во граматиката на албанскиот јазик во однос на граматиката на македонскиот јазик е категоријата падеж. Затоа таа во учебникот претставува опширно разработена граматичка тема. Најнапред општо се претставува категоријата падеж во албанскиот јазик, потоа посебно се прави осврт на петте падежи во албанскиот јазик (номинатив, генитив, датив, акузатив и аблатив), а на крајот одделно се претставени четирите деклинации на именките во албанскиот јазик. Тоа се прави мошне прегледно, со табели и описи. Исто така, присутни се правописни забелешки во однос на именките што ја менуваат својата форма според третата деклинација, како и за именките од среден род, за кои, меѓу другото, се изнесува податокот дека се намалува нивниот број во современиот албански јазик.

Иако во морфологијата менувањето на формите се разгледува како формообразување, во овој учебник кај именките, придавките, глаголите и прилозите е поместена посебна глава којашто го разгледува зборообразувањето на овие менливи зборовни групи. На тој начин авторот значително содржински го збогатил учебникот и им овозможил на неговите корисници увид во зборообразувањето во албанскиот јазик.

Со оглед на тоа што препозитивниот член во албанскиот јазик е посебна збороформа, во овој учебник тој се разгледува изделено, на тој начин што е претставена неговата деклинација.

И придавките во албанскиот јазик се претставени низ сите нивни граматички форми: определеност, род, број, падеж, степен. Овој дел од учебникот завршува за преглед на зборообразувањето на придавките.

На неколку страници се разгледани броевите во албанскиот јазик, при што авторот посебно се осврнува на нивната употреба.

На заменките во албанскиот јазик им се посветени триесет страници, а тоа е последица на нивната многубројност и во поглед на видовите заменки што се изделуваат во албанскиот јазик (лични, повратни, показни, присвојни, прашални, односни и неопределени) и во однос на граматичките категории што ги разликуваат тие (падеж, род, број, лице).

Најголем дел од учебникот, цели шеесетина страници, им е посветен на глаголите во албанскиот јазик. Тој дел започнува со класификација на глаголите според значењето, продолжува со прегледот на граматичките категории на глаголот, а најобемно се претставени временските и начинските парадигми на глаголот во албанскиот јазик. Овој дел завршува со преглед на зборообразувањето на глаголите.

Во продолжение на учебникот на по неколку страници се претставени прилозите, предлозите, сврзниците, честичките и извиците, што е очекувано, со оглед на нивната делумна или целосна неменливост.

Учебникот завршува со 44 релевантни библиографски единици на латиница и на кирилица.

Граматиката на албанскиот јазик од Исмет Османи е мошне корисен учебник за сите изучувачи на албанскиот јазик, особено за оние на коишто албанскиот јазик не им е мајчин јазик. Тој претставува несомнен придонес кон можноста за зголемување на бројот на лингвистите балканисти во нашата земја, за што се залагаше сесрдно и самиот Блаже Конески.